**ЗАПИСНИК**
**од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.08.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Шќипе Тахири, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фиданоски предложи Точката бр.2 - Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година да се помести како претпоследна точка, со цел да му се даде дополнително време на радиодифузерот за уплата, односно пред крајот на седницата уште еднаш да се направи проверка дали ја извршил уплатата.

Г-дин Петрушевски се согласи и предложената одлука за одземање на дозволата ја стави како Точка бр.7

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) го усвои следниот коригиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.08.2023 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД РАДИО Про-ФМ од Гостивар за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми.
3. Предлог за распишување јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување на неопределено време, со предлог-одлука и предлог-јавен оглас.

4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
7. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) го усвои предложениот Записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.08.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД РАДИО Про-ФМ од Гостивар за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми. Објасни дека овој радиодифузер во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Согласно Законот побарано е да се изјасни во врска со констатираното прекршување но не достави изјаснување. Наведе дека имала телефонски разговор со претставник на медиумот во врска со прекршокот кој најавил дека во дополнителниот рок ќе ја исполни законската обврска. Од таа причина се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 45 дена од денот на приемот на решението.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-2934/1 од 24.07.2023 година и едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) заклучи на ТРД РАДИО Про-ФМ од Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми, затоа што во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 5 и 6 да се образложат во еден заеднички вовед и дискусија бидејќи станува збор за ист медиум со различни прекршувања на Законот, а гласањето да биде за секоја точка посебно.

Советот немаше против.

Раководителката на Одделение за програмски и административен надзор Шќипе Тахири го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека на 7 јули оваа година направен е редовен административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на овој радиодифузер. Со надзорот е констатирано дека во дел од програмите не се објавени податоци со кои се идентификуваат авторите кои учествувале во подготовка на програмските содржини. Согласно Законот радиодифузерот е должен да ги објави за секоја емитувана содржина. Со ова е направено прекршување на член 14 од ЗМ. Истиот ден со редовниот административен надзор констатирано е прекршување и на член 51 став 1 од ЗААВМУ, односно радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците како полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата, одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Објасни дека од медиумот не е доставено изјаснување и од таа причина се предлага изрекување на мерки јавна опомена со рок на усогласување со Законот од 20 дена.

*<u>Гласање по Точка 5</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3037/1 од 01.08.2023 година и едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) заклучи на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа на 7 јули 2023 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 6</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3036/1 од 01.08.2023 година и едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) заклучи на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 7 јули 2023 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлог-одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година, објасни дека неколку пати во текот на седницата, исто така и во моментот врши проверка дали има уплата но радиодифузерот сепак не извршил уплата на средствата. На радиодифузерот му е укажано доколку врши плаќање да го изврши со единица за да можат да се видат средствата. Но во овој момент, 14 и 20 часот нема извршено уплата.

Г-дин Петрушевски објасни откога Советот ќе ја донесе одлуката а радиодифузерот уплати утре, ќе треба дозволата да ја врати преку суд.

Г-дин Трајчевски објасни дека на овој радиодифузер издадена му е фактура за телевизиско емитување со 25% попуст согласно Одлуката на Советот која се

однесуваше за сите радиодифузери. Во предвидениот рок не го уплати надоместокот. Потоа се покрена постапка за одземање на дозволата и даден му е дополнителен рок од 15 дена кој исто така не е испочитуван. Сега единствена законска можност е да му се одземе дозволата. Информира дека станува збор за 307.307,00 денари.

Г-дин Ајдини рече дека сака да постави прашање до директорот. Имено во воведот било кажано дека службата се слушнала со директорот на телевизијата и праша какви биле индициите, дали рекол дека ќе плати, дали се спремни, бидејќи му изгледаат несигурни во исказите.

Г-дин Трајчевски рече дека констатацијата од директорот на телевизијата е дека можеби сопственикот ќе се премисли и ќе уплати. При тоа укажано му е да ја извршат уплатата со единица до 14 часот бидејќи тогаш почнува седницата и за да може на Советот да се презентира дали е или не е извршена уплата. Најави и дека сега извршил проверка но нема уплата, со што се констатира дека не е исполнета законската обврска од негова страна. Објасни дека и денешниот ден му е надвор од дозволениот рок.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-ѓа Машовиќ беше преку аудио врска) донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактура бр.2023-100-0169 од 26.06.2023 г. (наш арх.бр.05-2620/1 од 26.06.2023 г.).

Секторот за правни работи и јавни набавки да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово.

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Точка 8

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

Бр. 02-3274/8

06.09.2023 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**